Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Republic of North Macedonia
Ministry of Local Self Government

# И З В Е С Т У В А Њ Е

**Граѓаните одлучуваат**
**„ПРОЕКТЕН ФОРУМ ВО ЗАЕДНИЦАТА“**
**Форумска сесија 29.01.2025 година (среда) во 14 часот**
**Локација - холот во ООУ „Св.Климент Охридски“**

Почитувани граѓани,

Општина Македонски Брод има чест и задоволство да ве покани на **Третата форумска сесија, која ќе се одржи на 29.01.2025 година, во 14:00. часот** во холот на ООУ „Св.Климент Охридски“.

Проектниот форум се реализира од страна на Општина Македонски Брод, во рамките на проектот „Зајакнување на општинските совети“ – фаза 3, финансиран од Швајцарска амбасада и Министерството за локална самоуправа, а спроведуван и ко – финансиран од страна на Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP), во соработка со граѓанските организации, бизнис секторот, младите и сите заинтересирани граѓани. Општина Македонски Брод активно го вклучува форумот како алатка за партиципативно вклучување на граѓаните во процесите на одлучување на локално ниво, со цел да се изнајдат поефикасни решенија за проблемите од интерес на целата заедница.

Форумскиот процес е отворен за сите заинтерсирани граѓани на Општина Македонски Брод што имаат 16 и повеќе години.

*Граѓание на општината ќе имаат можност во рамките на темите кои ќе бидат презентирани да ги елаборираат проблемите со кои се соочуваат, да изнаоѓаат решенија и да дефинираат проекти согласно дадените решенија, како и да ги изберат приоритетите односно најприоритетниот проект според нив со кој општината ќе аплицира на јавниот повик.*

Почитувани граѓани имате можност директно да влијаете на подобрување на социоекономската состојба во општината, а со тоа самите да влијаете на подобрување на сопствениот живот.

Ве очекуваме!